ADING
состојка на секоја градба

# ХИДРОГЛЕТ П1

*Саморазлевна смеса за порамнување на подни површини (за дебелина до 20mm), изработена на цементна основа.*
*Одговара на EN 13813, CT-C30-F7*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За нивелирање (израмнување) на нерамнини до 20 mm кај подни бетонски површини или подни цементни кошулки, пред изведба на завршна подна обработка од паркет, ламинат, PVC подови и гума. Наменет за рачно и машинско вградување.

## СВОЈСТВА

- одлична атхезија;
- едноставна подготовка;
- едноставна изведба;
- самонивелирачка;
- економичен

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | сива прашок |
| Јакост на притисок | EN 13892-2 | > 30MPa |
| Јакост на свиткување | EN 13892-2 | >7MPa |
| Атхезија за подлогата | EN 13892-8 | >1,5MPa |
| Дебелина на еден слој | - | до 20mm |
| Отворено време за работа на температура од 10-30°C | - | до 30min |
| Механичка употреба за лесен промет на температура од 20˚C | - | по 6h |
| Механичка употреба за тежок промет на температура од 20˚C | - | по 7 дена |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Хидроглет П1 се нанесува врз здрава, цврста, чиста, обезпрашена подлога од бетон или цементен малтер, со минимална јакост на притисок од 30MPa, без пукнатини, масни флеки и битуменски/катрански остатоци. Пред нанесување на смесата за израмнување, задолжително е нанесување на претпремаз од Врска-У или АДИНГ Бетоконтакт.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидроглет П1 се подготвува со вода (за 20kg се додава 4.0-4.8l) и се меша до потполно воедначување. Вградувањето се изведува рачно, со назабена челична глетарка или машински. Максимална дебелина на слојот изнесува 20 mm. По нанесување на материјалот потребно е да се истисне заробениот воздух со помош на бодликав ваљак. Доколку е потребно да се постигне поголема дебелина на слојот за израмнување, може да се нанесат повеќе слоеви од Хидроглет П1. Нанесувањето е по 48h од вградувањето на претходниот слој. Пред нанесување на секој од слоевите, задолжително треба претходно да се нанесе претпремаз (прајмер) од Врска У или АДИНГ Бетоконтакт. Температурата при нанесување треба да биде во граници од 10°C до 30°C. Отворено време за работа при оваа температура е 30 минути.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm: ~1.6 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќа од 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба: 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидроглет-П1 е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Хидроглет-П1 се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk
www.ading.com.mk